Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-1



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**февруари, 2023 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е ... 2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР ... 3
Индустриско производство ... 3
Број на работници во индустријата ... 4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5
Инфлација ... 6
Берзански цени ... 7
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ... 8
Извоз ... 9
Увоз ... 10
Салдо на трговска размена ... 11
Валутна структура ... 11
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ... 12
Буџетски приходи според економската класификација ... 12
Буџетски расходи според економската класификација ... 13
Расходи по буџетски корисници ... 14
Буџетско салдо ... 15
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ... 15
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ... 15
Плати ... 16
Пензии ... 17
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ... 18
Примарни пари ... 18
Депозитен потенцијал ... 18
Кредити на банките ... 19
Каматни стапки на депозитни банки ... 20
Пазар на капитал ... 20
Девизни резерви ... 21



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2023 година

- Индустриското производство во февруари 2023 година забележа раст од 1,0% во споредба со истиот месец претходната година;

- Во февруари, потрошувачките цени регистрираа годишен раст од 16,7% (17,1% во јануари 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво стапката на инфлација се зголеми за 0,6%;

- Во периодот јануари - февруари 2023 година, извозот забележа раст од 10,2%, а увозот пад од 1,5%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 26,3% споредено со истиот период од 2022 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2023 година изнесуваа 38.036 милиони денари, односно 4,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 6,8% во однос на истиот период од 2022 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2023 година изнесуваа 43.713 милиони денари, односно 4,8% од БДП, што е за 2,9% повеќе во однос на истиот период претходната година;

- Вкупните кредити на банките во февруари 2023 година се зголемија за 7,7% во споредба со февруари 2022 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 5,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во февруари 2023 година забележа раст од 1,0% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во февруари 2023 година се должи на зголеменото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 45,4%, додека пад бележат секторите Преработувачка индустрија (-2,6%) и Рударство и вадење камен (-1,3%).




Раст на производството во февруари 2023 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 42,9% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во февруари 2023 година е забележан во гранката производство на моторни возила, приколки и полуприколки, раст од 18,4% со придонес од 1,9 п.п., додека пад е забележан во гранките производство на машини и уреди од 0,7% со придонес од -0,1 п.п. и производство на електрична опрема од 17,9% со придонес од -1,1 п.п..




Од традиционалните гранки, во февруари 2023 година зголемување на производството се забележува кај: производство на пијалаци за 38,6% со придонес од 1,5 п.п., производство на тутунски за 62,9% со придонес од 0,6 п.п., производство на текстил за 14,3% со придонес од 0,7 п.п. и производството на кожа за 80,1% со придонес од 0,6 п.п., додека пад се забележува во следните гранки: прехранбена индустрија за 0,1% со придонес од 0,0 п.п., производство на облека за 3,5% со придонес од -0,2 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 20,8% со придонес од -0,2 п.п..

Зголемувањето на индустриското производство според намената на произведените единици во февруари 2023 година е резултат на зголеменото производство во следните гранки: Енергија (раст од 36,9% со придонес од 3,2 п.п.), Капитални производи (раст од 8,9% со придонес од 1,8 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (раст од 9,8% со придонес од 3,2 п.п.), додека намалување на производството бележат гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 19,6%, придонес од -6,7 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 12,7% и придонес од -0,5 п.п.).

На кумулативна основа, во периодот јануари - февруари 2023 година индустријата забележа пад од 0,5%, што се должи на намаленото производство во секторот Преработувачка индустрија од


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

-3,7% (придонес од -3,0 п.п.), додека зголемување на производството бележат секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 33,3% (придонес од 2,3 п.п.) и Рударство и вадење камен за 0,5% (придонес од 0,1 п.п.).

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари - февруари 2023 година е регистриран во гранките: Интермедијарни производи, освен енергија (17,6%) и Трајни производи за широка потрошувачка (3,4%), додека раст бележат гранките: Енергија (25,1%), Нетрајни производи за широка потрошувачка (8,1%) и Капитални производи (3,8%).







## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во февруари 2023 година е зголемен за 1,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,3%, додека намалување на бројот на работници бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,8%. Сепак, постојат гранки со висок раст на вработеноста, како што се: производство на моторни возила, приколки и полуприколки со раст од 17,8%, производство на електрична опрема со раст од 3,6% и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати со раст од 2,7%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во февруари 2023 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Капитални производи од 14,1%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - февруари 2023 година бележи раст од 1,2%, што се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,7%, додека намалување на бројот на


MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

работниците бележат секторите Рударство и вадење камен од 2,7%; и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - февруари 2023 година е зголемен само во групата Капитални производи за 13,4%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2023 година беа издадени вкупно 352 одобренија за градење, што претставува раст од 40,8% во однос на истиот месец од 2022 година. Споредено со јануари 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 9,7%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2023 година е повисока за 258,1% на годишна основа, а во однос на претходниот месец истата бележи раст од 28,4%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 199 (или 56,5%) се наменети за објекти од високоградба, 108 (или 30,7%) за објекти од нискоградба и 45 (или 12,8%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 352 издадени одобренија за градба, на 170 објекти (или 48,3%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 182 објекта (или 51,7%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во февруари 2023 година предвидена е изградба на 1294 станови со вкупна корисна површина од 97.659 м². Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 91,1%, а на годишно ниво за 194,1%.

Графикон 1.6: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(февруари 2023)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.5: Одобренија за градење и вредност на работите *(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.7:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*



## Инфлација

Потрошувачките цени во февруари регистрираа годишен раст од 16,7% (17,1% во јануари 2023 година) што преставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец. Инфлацијата главно се должи на растот на цените на храната и енергентите, како и на растот на базичната инфлација. Цените на енергентите во 2022 година зголемија како резултат на зголемувањето на цените на струјата и на топлинската енергија, со одлука на РКЕ во два наврата.

Во февруари, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) регистрира зголемување од 10,2% на годишна основа, при што најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Ресторани и хотели и Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата.




Графикон 1.8: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)

Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество (10,3 п.п. придонес во растот во февруари) при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 25,3% (25,1% претходниот месец) на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти, при што најголем позитивен придонес имаа следните поткатегории: леб и житни производи (годишен раст од 39,8%,), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 36,7%, придонес 2,9 п.п.) и месо (годишен раст од 29,5%, придонес 2,7 п.п.). Цената на маслото во февруари регистрира зголемување од 16,4%.

Гледано по компоненти, по категоријата Храна и безалкохолни пијалаци највисок годишен раст на цените во февруари 2023 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели и тоа за 20,6%. Раст на цените е регистриран во сите категории, и тоа: Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 17,8%, Разновидни стоки и услуги за 15,3%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 14,9%, Транспорт за 8,8%, Рекреација и култура за 8,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 4,5%, Здравствена заштита за 4,1%, Образование за 3,8%, Облека и обувки за 3,5% и Комуникации за 1,9%.




Графикон 1.9: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.)*

Извор: ДЗС.

Во февруари, потрошувачките цени се зголемија за 0,6% на месечно ниво (минатиот месец цените останаа непроменети на месечно ниво). Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци овој месец регистрираше раст од 0,9% , при што најголем раст регистрираа лебот и житата, месото и зеленчукот.

Во февруари, раст на цените регистрираа следниве категории: Образование од 3,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата и Разновидни стоки и услуги од по 1,3%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 1,0%, Рекреација и култура од 0,4%, Облека и

обувки, Комуникации и Здравствена заштита од по 0,3%. Цените во категориите Транспорт и Ресторани и хотели останаа непроменети

Пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категоријата Домување,вода, електрична енергија, гас и други горива.

Во февруари 2023 година, цените на мало се зголемија за 12,4% на годишно ниво. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,4% Во првите два месеца од 2023 година цените на мало се зголемија за 12,9%.

Во еврозоната, стапката на инфлација во февруари 2023 година регистрира одредено забавување и изнесуваше 8,5% (8,6% во јануари). Гледано по компоненти, цените на храна, алкохол и тутун се зголемија за 15,0% (14,1% во јануари), на енергијата за 13,7% (18,9% во јануари), на неенергетските индустриски добра за 6,8% (6,7% во јануари) и на услугите за 4,8% (4,4% во јануари). Согласно остварените стапки на раст, како и очекувањата за движењето на цените на храната и нафтата на светските берзи и воениот конфликт меѓу Русија и Украина, ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација во нагорна насока, па согласно проекциите од март стапката на инфлација во 2023 година би достигнала 5,3%, 2,9% во 2024 и 2,1% во 2025 година.

## Берзански цени

Графикон 1.10: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2023 година на месечно ниво регистрира пад од 0,5% и изнесува 82,7 долари за барел (веќе неколку месеци по ред цената на нафтата е под 100 долари за барел). Цената на суровата нафта забележа драматичен раст од февруари 2022 година како резултат на војната помеѓу Русија и Украина односно стравувањата од прекин во снабдувањето поради воведените санкции од страна на западните земји кон Русија и можните контрасанкции од страна на Русија, меѓутоа од јули 2022 година цените забележаа пад како резултат на зголемените стравувања од глобална рецесија и воведените карантини во Кина, што може да предизвика намалување на побарувачката. На годишно ниво, цената на нафтата е пониска за 13,6%.

Графикон 1.11: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во 2022 година, цената на природниот гас континуирано регистрира високи стапки на раст (раст од 115,5% во споредба со 2021 година) како резултат на зголемената побарувачка особено по нападот на Русија врз Украина. Ограничената испорака на руски природен гас во Европа предизвика рекорден раст на неговата цена. Во август 2022 година, цената на гасот регистрира рекорден раст, меѓутоа од септември истата забележа пад како резултат на поволните временски услови и обезбедените залихи гас. Како резултат на тоа

трендот продолжи и во 2023 година. Во февруари 2023 година, цената на природниот гас регистрира пад од 19,6% на месечно ниво. На годишно ниво, цената на природниот гас во февруари 2023 година се намали за 39,2%.

Цените на енергентите на светските и регионалните берзи во 2021 и 2022 година значително се зголемија во однос на 2020 година. Кон крајот на 2022 и почетокот на 2023 година се забележува одредено стабилизирање, па така во февруари 2023 година цената на електричната енергија според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 146,2 евра за мегават/час и на месечно ниво е намалена за 1,7%. На годишно ниво, во февруари цената на електричната енергија регистрира пад од 24,7%.

Во февруари 2023 година цените на основните метали регистрираа намалување и тоа: цинк за 5,3%, никел за 5,2%, олово за 4,9%, калај за 4,6%, алуминиум за 3,4% и бакар за 1,1%. Цената на железната руда регистрира раст од 4,4%.

Цената на пченката на светските берзи во февруари 2023 година се намали за 1,5% на месечна основа, а цената на сончогледовото масло регистрира пад од 4,9% во споредба со претходниот месец.

Графикон 1.12: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите два месеца од 2023 година изнесува 3.103,6 милиони евра и бележи раст од 3,2% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - февруари 2023 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 1,2 п.п. споредено со истиот период од претходната година и изнесува 61,3%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите два месеца од 2023 година изнесува 24,8% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на истиот период од 2022 година.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
(износи во милиони евра)




Извор: ДЗС.

[1] Започнувајќи од февруари2021 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - февруари 2023 година, изнесува 1.339,9 милиони евра и бележи раст од 10,2% (123,6 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 1,7%.

Вредноста на извезените стоки во февруари 2023 година изнесува 718,9 милиони евра и бележи раст од 7,2% (48,5 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 4,7% споредено со февруари 2022 година.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2023 година извозот бележи раст од 15,7% (97,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 5,4%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (10,4 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2023 година се: хемиски материи и производи, електрични машини и делови, железо и челик, друмски возила, електрична енергија, облека и мебел и негови делови. Овие седум групи производи сочинуваат 72,7% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

---

[2]Стандардна меѓународна трговска класификација

[3]Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско-пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам)и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

јануари - февруари 2023 година споредено со истиот период од 2022 година, извозот бележи раст во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има во групациите: Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско-пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 9,4% на годишно ниво, а во земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 15,8%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,3% и 10,9%, соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - февруари 2023 година изнесува 1.763,7 милиони евра и бележи пад од 1,5% (27,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2022 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 1,6%.

Вредноста на увозот во февруари 2023 година изнесува 914,3 милиони евра, што претставува пад од 7,0% (68,4 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а увезените количини стоки се намалени за 1,7% споредено со февруари 2022 година.




Графикон 2.5:Структура на увозот по економска намена (учества во %)

Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2022 | I-II-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 22,4 | 22,8 | 0,3 | 1,5 |
| Мил.ЕУР | 17,0 | 20,6 | 3,6 | 21,2 |
| Мил.$ | 19,2 | 22,1 | 2,9 | 15,0 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2022 | I-II-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 1.280,1 | 191,0 | -1.089,1 | -85,1 |
| Мил.ЕУР | 1.133,8 | 149,4 | -984,5 | -86,8 |
| Мил.$ | 1.188,1 | 160,7 | -1.027,4 | -86,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2022 | I-II-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 6,8 | 8,6 | 1,8 | 27,2 |
| Мил.ЕУР | 381,3 | 377,0 | -4,3 | -1,1 |
| Мил.$ | 432,3 | 406,1 | -26,2 | -6,1 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2022 | I-II-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 30,5 | 3,6 | -26,9 | -88,2 |
| Мил.ЕУР | 182,7 | 26,8 | -155,9 | -85,3 |
| Мил.$ | 192,8 | 28,9 | -163,9 | -85,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2022 | I-II-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 131,1 | 115,7 | -15,4 | -11,8 |
| Мил.ЕУР | 146,5 | 99,2 | -47,2 | -32,2 |
| Мил.$ | 166,0 | 106,7 | -59,3 | -35,7 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2022 | I-II-2023 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 749,1 | 134,1 | -615,0 | -82,1 |
| Мил.ЕУР | 663,9 | 97,5 | -566,5 | -85,3 |
| Мил.$ | 703,3 | 105,2 | -598,1 | -85,0 |

*)Претходни податоци

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2023 година увозот бележи раст од 7,6% (64,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на

увозот, истиот регистрира месечен пад од 5,2%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (12,9 п.п.) врз увозот овој месец.

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - февруари 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 26,3% односно 151,3 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во февруари 2023 година, трговскиот дефицит се намали за 37,4% односно 116,9 милиони евра споредено со февруари 2022 година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива, индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и од зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на негативното салдо дејствуваше зголемувањето на дефицитот во размената со храна и пијалаци и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

Во периодот јануари - февруари 2023 година, 84,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Русија, Турција, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Швајцарија, Шпанија, Унгарија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 92,6% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2023 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2022 година претставува зголемување за 1,2 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,6% и 91,1%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,7 п.п., а кај увозот за 0,7 п.п. во однос на периодот јануари – февруари 2022 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I–II–2022 | | | | | I–II–2023 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | | |
| ЕУР | 836,0 | 1.620.127.381 | 61,6252 | 99.840.673.877 | 90,3 | 1.001,5 | 1.606.785.516 | 61,6546 | 99.065.718.275 | 91,1 | -13.341.865 | -0,8 |
| УСД | 266,6 | 180.423.993 | 51,2797 | 9.252.088.258 | 8,4 | 83,2 | 156.466.261 | 57,3914 | 8.979.817.775 | 8,3 | -23.957.732 | -13,3 |
| ГБП | 0,2 | 2.953.956 | 71,1297 | 210.114.015 | 0,2 | 0,2 | 3.077.273 | 69,7439 | 214.621.019 | 0,2 | 123.317 | 4,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.102,8 | | | 109.302.876.151 | 98,7 | 1.084,9 | | | 108.260.157.069 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 1.105,2 | | | 110.519.934.653 | 100,0 | 1.087,1 | | | 108.765.948.279 | 100,0 | | -1,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2023 година изнесуваа 38.036 милиони денари, односно 4,1% од БДП, што претставува повисоко остварување за 6,8% во однос на истиот период од 2022 година. Во споредба со февруари претходната година, буџетските приходи бележат минимално намалување од 0,5%, додека во јануари 2023 година забележан е годишен раст на приходите од 15%, а во декември 2022 година раст од 12,7%.

Даночните приходи се реализирани во износ од 21.566 милиони денари и се повисоки за 2,4% во однос на периодот јануари – февруари 2022 година, како резултат на растот на приходите од персоналниот данок на доход, данокот на добивка, акцизи и увозните давачки.

Графикон 3.1: Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 48,4% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 10.438 милиони денари и бележат намалување од 6,3% во однос на периодот јануари – февруари претходната година. Притоа, ДДВ годинава е наплатен во бруто-износ од 17.819 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 7.381 милион денари (бруто-наплатата е повисока за 1,1%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 13,7% споредено со 2022 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележа пониско остварување за 12,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 30,7%.

Акцизите се остварени во износ од 3.894 милиони денари (учество од 18,1% во даночните приходи), што претставува зголемување од 1,4% во споредба со периодот јануари – февруари 2022 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 14.332 милиони денари, што претставува 66,5% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – февруари 2023 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 3.584 милиони денари и бележат раст од 14,6% на годишна основа, а притоа 65,4% од приходите се од плата и други лични примања, 6,6% од приходи од капитал, 8,4% од приходи по основ на договор на дело, 7,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 11,7% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во периодот јануари – февруари 2023 година изнесуваа 1.989 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 32,0% во однос на истиот период од претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 50,0%.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.542 милиона денари и забележаа зголемување од 14,7%. Приходите од други даноци со остварен износ од 119 милиони денари, забележаа зголемено остварување за 12,3% во однос на истиот период минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 12.982 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 18,1% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 18,1%, кај придонесите за вработување за 18,5% и кај придонесите за здравствено осигурување за 17,9%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 2.574 милиони денари и во однос на перидот јануари – февруари 2022 година забележаа повисоко остварување за 9,7% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствbooрија во износ од 155 милиони денари, што претставува намалување од 16,2% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 523 милиони денари и се повисоки за 4,8% во однос на истиот период од 2022 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2023 година изнесуваа 43.713 милиони денари, односно 4,8% од БДП, што е за 2,9% повеќе во однос на истиот период претходната година. Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 40.457 милиони денари учествуваа со 92,6% и се зголемени за 2,7% во однос на периодот јануари – февруари 2022 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 5.431 милион денари, што претставува зголемување за 5,7% во однос на истиот период претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,4%.

Графикон 3.2: Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.712 милиони денари и споредено со периодот јануари – февруари 2022 година забележаа зголемување од 20,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 30.458 милиони денари. Средствата за трансфери не бележат промена во однос на периодот јануари – февруари 2022 година, а учествуваа со 69,7% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 10,6% се забележува кај социјалните трансфери, коишто изнесуваа 22.463 милиони денари. Нивното учество во вкупните расходиизнесува 51,4%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 14.244 милиони денари, што претставува зголемување за 15,7% споредено со периодот јануари – февруари 2022 година и учествуваат со 32,6% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери регистрирано е намалување од 22,1%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 3.410 милиони денари и се намалени за 45,2%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.777 милиони денари бележат зголемување од 17,9% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.256 милиони денари со структурно учество од 7,4% во вкупните расходи, така што забележаа повисока реализација од 5,8% во споредба со периодот јануари – февруари 2022 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 80% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – февруари 2023 година реализира 10.276 милиони денари или 19,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (70,4%) од расходите во овој период беа наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.238 милиони денари или 20,7% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 17,4% (2.210 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Графикон 3.3: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(февруари 2023 година)*




Извор: МФ.

Во јануари – февруари 2023 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] беа реализирани 6.656 милиони денари, што претставува 9,0% од предвидените за 2023 година. Отплата на главнина (2.612 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 39,2%, а притоа беа реализирани 5,0% од планираните. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 27,7% од вкупните расходи, за што беа реализирани 1.841 милион денари или 14,3% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи беа издвоени 1.217 милиони денари (33,7% од планираното), односно 18,3% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 4.853 милиони денари, што е 15,2% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (65,6%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 3.182 милиона денари или 16,5% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 17,6%, за што беа потрошени 854 милиони денари, односно 16,3% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно беа реализирани 1.986 милиони денари, што претставува 15,6% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 64,9%, за што беа потрошени 1.289 милиона денари или 15,0% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 27,1%, за што беа реализирани 538 милиони денари или 21,6% од годишниот план.

Во периодот јануари – февруари 2023 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира средства во износ од 1.311 милиони денари што претставува 14,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 97,5% во вкупните расходи, беа реализирани 17,3% од планираните средства за цела година, односно 1.279 милиони денари.

Министерството за одбрана, во периодот јануари – февруари 2023 година, реализирабуџетски средства во износ од 1.752 милиона денари, што е 10,3% од вкупниот буџет за оваа година. Плати

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

и надоместоци има најголемо учество во расходите со 47,5%, за што во овој период беа реализирани 831 милион денари (16,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 27,0% во вкупните расходи, за што во анализираниот период беа потрошени 472 милиона денари, односно 12,5% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во периодот јануари – февруари 2023 година реализира вкупно 1.178 милиони денари, односно 6,6% од планираните средства за 2023 година. Притоа, капитални расходи учествуваат со високи 86,0% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а беа реализирани во износ од 1.014 милиони денари (19,4% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари – февруари 2023 година, изврши буџетски средства во износ од 633 милиони денари, што е 9,1% од вкупниот буџет за 2023 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 48,1%, за што во овој период беа потрошени 305 милиони денари или 10,2% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 188 милиони денари (5,9% од планираното за годината) и учество од 29,6% во вкупните расходи.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 377 милиони денари, што е 1,9% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 71,2% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (268 милиони денари или 1,4% од вкупно планираните средства).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

### Буџетско салдо

Во периодот јануари – февруари 2023 година остварен е дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 5.677 милиони денари, што претставува 0,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 6.192 милиона денари и претставува 0,7% од БДП. Буџетскиот дефицит остварен во периодот јануари - февруари 2023 година изнесува 13,3% од вкупно планираниот.

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во првите два месеца од 2023 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 31.489 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2022 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 1,8%, со што се прекина трендот на годишен раст на бројот на новозасновани работни односи. Бројот на новозасновани работни односи бележи тренд на годишен раст почнувајќи од април 2021 година, па сѐ до јануари 2023 година (со исклучок на август 2022 година). Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 41,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во февруари 2023 година, 18,1% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во февруари 2023 година изнесува 156.750, од кои 110.506 се активни баратели на работа, а 46.244 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 11,7%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 1.210 лица, со што продолжува трендот на пад на бројот на невработени лица којшто беше прекинат во октомври 2022 година. Трендот на месечно намалување на бројот на невработени започна во март 2021 година, откако во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година бројот на невработени генерално беше во пораст.




Најголем дел од активните невработени лица (59,9%) се градско население, а според половата структура 48,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,7%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,2% се со завршено средно образование, додека 8,0% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,7% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 60,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 11,9% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јануари 2023 година оствари годишен раст од 13,2%, а во однос на декември 2022 година е пониска за 1,2%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јануари 2022 година се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (23,4%), Градежништво (20,9%) и Информации и комуникации (17,3%). Во јануари 2023 година, реалните плати забележаа годишен пад од 3,3%.




Просечната номинална бруто-плата во јануари 2023 година споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 13,6%, а на



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

месечна основа истата е пониска за 1,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јануари 2023 година во однос на јануари 2022 година се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (24,1%), Градежништво (21,5%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (17,3%). Во јануари, реалната бруто-плата забележа годишен пад од 3,0%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*



Извор: ДЗС

## Пензии

Во февруари 2023 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 330.507 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 68,8% се корисници на старосна пензија, 22,8% се корисници на семејна пензија и 8,4% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во февруари 2023 година изнесува 17.604 денари и е за 8,2% повисока во однос на истиот месец од 2022 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 52,0%.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*



Извор: ФПИОСМ

Просечната старосна пензија во февруари 2023 година изнесува 19.018 денари, просечната инвалидска пензија 15.734 денари, а просечната семејна пензија 13.954 денари. За исплата на пензиите во февруари 2023 година потрошени се 5.894 милиони денари, што претставува 53,5% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во февруари 2023 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,50 п.п.,односно од 4,75% на 5,25%. Во текот на 2022 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка во неколку наврати (од 1,25% во март) како одговор на зголемената инфлација.

Затегнувањето на монетарната политика е резултат на претходно преземените мерки за стабилизирање на монетарната политика, како резултат на растечката инфлација и инфлациските очекувања со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност.




Во февруари, расположливите депозити преку ноќ и на седум дена се зголемија за по 0,50 п.п и изнесуваат 3,15% и 3,20%, соодветно.

## Примарни пари

Во февруари 2023 година, примарните пари[6] се зголемија за 4,7% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 5,6% и растот на готовите пари во оптек за 3,7%.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа пад од 0,2%, што е резултат на падот на готовите пари во оптек за 1,5%, додека вкупните ликвидни средства на банките се зголемија за 0,9%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките февруари 2023 година се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,5% и 0,9%, соодветно.




Од аспект на валутата, во февруари 2023 година споредено со претходниот

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа зголемување од 0,4% и 1,4%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2023 година оствари раст од 5,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и странска валута на годишно ниво се зголемија за 3,9% и 8,5%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата бележат раст од 5,7%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 6,3%

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,9%, а долгорочните депозити за 2,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 55,0%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2023 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***490.072*** | ***0,9%*** | ***5,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *269.427* | *0,4%* | *3,9%* |
| *Странска валута* | *220.645* | *1,4%* | *8,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *216.169* | *1,5%* | *6,9%* |
| *Долгорочни* | *99.029* | *1,6%* | *2,3%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***420.486*** | ***0,1%*** | ***7,7*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *240.772* | *-0,1%* | *4,1%* |
| *Странска валута* | *179.714* | *0,4%* | *13,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *68.641* | *-0,4%* | *6,5%* |
| *Долгорочни* | *337.127* | *0,4%* | *8,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *11.660* | *-2,9%* | *-6,7%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во февруари 2023 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,1% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,2%, додека кредитите кон домаќинствата се зголемија за 0,3%.

Од аспект на валутата, во февруари 2023 година, на месечно ниво денарските кредити се намалија за 0,1%, а девизните кредити се зголемија за 0,4%.

На годишна основа, во февруари 2023 година вкупните кредити се зголемија за 7,7%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 7,2% и раст на кредитите кон претпријатија од 8,2%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,1%, а кредитите во странска валута за 13,1%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,8%, а краткорочните кредити од 6,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2023 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и истата изнесува 5,0%. Каматната стапка на денарските кредити на месечно ниво се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 5,10%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,87%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари 2023 година се зголеми за 0,07 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,0%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,36%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,08 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 0,71%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2023 година вкупниот промет на берзата регистрира раст од 12,6% на месечно ниво, како резултат на растот на класичното тргување од 3,5%, додека блок-трансакции не се регистрирани во јануари. Бројот на транскации е намален за 14,8%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2023 година изнесува 221,4 милиони денари и истиот е намален за 79,3% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на февруари 2023 година изнесува 5.800,73 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 0,7%, а во однос на истиот месец претходната година е намален за 0,3%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2023 година изнесуваа 3.900,44 милиони евра и во однос на претходниот месец регистрираа зголемување од 3,3%, а во однос на февруари 2022 година се зголеми за 15,3%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0